# Политика за квалитет

Раководството на Комисијата за хартии од вредност е определено за воведување, примена и подобрување на систем за управување со квалитет, според стандардот ИСО 9001. Вредностите кои вработените во Комисијата за хартии од вредност треба да ги почитуваат при секојдневното работење се :

**Етичност** – се обврзуваме да работиме според највисоките деловни и етички стандарди и да придонесеме за развој на средината во која работиме.

**Професионалност** – сите ние ќе бидеме одговорни кон самите себе, професионалната ангажираност и средината во која делуваме со квалитетна работа допринесувајќи за стабилен развој на комисијата и континуирано подобрување

**Отвореност и чесност** – ќе практикуваме отвореност и чесност за да се заштити интегритетот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

**Компетентност**- ние секогаш ќе работиме според највисоките стандарди во сите домени од нашето работење и на тој начин да ги постигнеме предизвиците и целите кон кои се стремиме.

**Доверливост** – ќе практикуваме доверливост на сите информации кои корисниците на нашите услуги ги доставуваат до нас.

**Транспарентност** – работиме чесно, одгворно и транспарентно со цел на јавноста да и овозможиме еднаков пристап на начинот на работење и носењето на одлуки на Комисијата.

**Еднаквост** – Во текот на своето работење Комисијата ќе има еднаков пристап кон сите засегнати страни без притоа да фаворизира односно да дискриминира ниту еден чинител на пазарот на капитал

**Одобрил**
**м-р Елизабета Чингаревска**
**Претседател на**
**Комисија за хартии од вредност на РМ**

**Датум**
**05.07.2013 година**